РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1019/2
06. 05 2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted], ул. [redacted], со број 10-1019/1 од 07.04.2025 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted], ул. [redacted] заверено под број 10-1019/1 од 07.04.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата [redacted], преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 07.04.2025 година заверено под број 10-1019/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: дали сите училишта , јавни претпријатија и останати јавни установи под надлежност на општината поседуваат важечки Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира за следното: Дом на Култура, Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација се во фаза на изработка; ОУ “Гоце Делчев” поседува Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација; Детска Градинка “11 Септември” има Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација; ООУ “Браќа Миладиновци” Ве известува дека не поседува Елаборат за заштита од пожари; ООУ “Мите Богоевски” има/поседува Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација; СОУ “Цар Самоил” Ве известува дека има Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација; ООУ “Славејко Арсов” поседува Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација; ООУ “Димитар Влахов” има Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација; ЈКП Пролетер Ве известува дека има Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН